ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
Бр. 02-450/1
01.04.2022 год.
СКОПЈЕ 1

Врз основа на чл.98 ст.1 од Законот за високото образование („Службен весник на РМ" бр.82/18), Ректорот на Европски универзитет Скопје, на 95-та седница на Ректорската управа, одржана на ден 01.04.2022 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Член 1**

Наставата и наставните активности на сите единици во состав на Европски Универзитет Скопје, ќе се изведуваат на следниот начин:

- спроведување на предавања и вежби со физичко присуство;
- полагање на колоквиуми со физичко присуство;
- полагање на испити со физичко присуство;
- одбрана на стручни трудови, дипломски трудови и магистерски трудови со физичко присуство.

**Член 2**

Наставата и наставните активности ќе се изведуваат со почитување на следните препорачаните превентивни мерки за превенција од коронавирус КОВИД-19:

- задолжително носење заштитни маски во затворен простор;
- одржување на физичко растојание 1-2 метри;
- зачестена хигиена на рацете со задолжителна дезинфекција пред влезовите во предавалните, амфитеатрите, вежбалните;
- негрупирање;
- често проветрување на затворените простории.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила од 04.04.2022 година (понеделник).

Во случај на било каква промена, истата ќе се дополни или замени со нова Одлука.

**Р е к т о р**

**Скопје, 01.04.2022 година**

**проф. д-р Владо Ванковски**